# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ" излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата.

Среда, 8 ноември 1989
Скопје
Број 39 Год. XLV

Аконтацијата за 1989 година изнесува 370.000 динари. Овој број чини 18.000 дин. Жиро сметка 40100-603-12498

**692.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

### УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАЕМОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за заемот за вработување,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седниците на Соборот на здружениот труд и Соборот на општините, одржани на 24 октомври 1989 година.

Бр. 08-3623/1
24 октомври 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

### ЗАКОН
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАЕМОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за заемот за вработување („Службен весник на СРМ" број 46/86, 1/87, 24/88, 51/88 и 18/89) во член 5 по зборот „ослободуваат" се додаваат зборовите: „работниците што примаат загарантиран личен доход", а зборовите: „најнизок износ на пензија" се заменуваат со зборовите: „пензија и на надоместок од личен доход во висина до загарантиран личен доход".

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

---

**693.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

### УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА НАМИРУВАЊЕ НА ОБВРСКАТА НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ОТСТРАНУВАЊЕ НА ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД ЗЕМЈОТРЕСОТ ВО СР ЦРНА ГОРА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за обезбедување средства за намирување на обврската на Социјалистичка Република Македонија за отстранување на последиците од земјотресот во СР Црна Гора,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седниците на Соборот на здружениот труд, Соборот на општините и Општествено-политичкиот собор одржани на 24 октомври 1989 година.

Бр. 08-3622/1
24 октомври 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

### ЗАКОН
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА НАМИРУВАЊЕ НА ОБВРСКАТА НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ОТСТРАНУВАЊЕ НА ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД ЗЕМЈОТРЕСОТ ВО СР ЦРНА ГОРА

Член 1

Во Законот за обезбедување средства за намирување на обврската на Социјалистичка Република Македонија за отстранување на последиците од земјотресот во СР Црна Гора („Службен весник на СРМ" број 23/80, 38/81, 13/84, 35/85 и 42/85) во член 2 точка 1 алинеја 5 се брише.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јули 1989 година.

---

**694.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

### УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАМЕНИТЕ, НАЧИНОТ И УСЛОВИТЕ ЗА ЗДРУЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ОД ФОНДОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА КРЕДИТИРАЊЕ НА ПОБРЗИОТ РАЗВОЈ НА СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ РЕПУБЛИКИ И АВТОНОМНИ ПОКРАИНИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИ ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ ВО СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 1986 ДО 1990 ГОДИНА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за намените, начинот и условите за здружување на средства од Фондот на Федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини во остварување на заеднички програми за развој во Социјалистичка Република Македонија за периодот од 1986 до 1990 година,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, Соборот на општините и Општествено-политичкиот собор одржани на 26, 28 септември и 24 октомври 1989 година.

Бр. 08-3624/1
24 октомври 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

# ЗАКОН

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАМЕНИТЕ, НАЧИНОТ И УСЛОВИТЕ ЗА ЗДРУЖУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД СРЕДСТВАТА НА ФОНДОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА КРЕДИТИРАЊЕ НА ПОБРЗИОТ РАЗВОЈ НА СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ РЕПУБЛИКИ И АВТОНОМНИ ПОКРАИНИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИ ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ ВО СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ ОД 1986 ДО 1990 ГОДИНА

Член 1

Во Законот за намените, начинот и условите за здружување на дел од средствата на Фондот на Федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини за остварување на заеднички програми за развој во Социјалистичка Република Македонија во периодот од 1986 до 1990 година („Службен весник на СРМ" број 15/86 и 20/88) во член 2 став 1 по зборовите: „Организациите на здружениот труд" се додаваат зборовите „во општествена сопственост" (во натамошниот текст: организациите на здружениот труд).

Член 2

Член 6 се менува и гласи:

„Организациите на здружениот труд дел од средствата на Фондот на Федерацијата можат да здружат за остварување на заеднички програми за развој во Републиката и тоа за:

1. Нови проекти во следниве дејности:

— преработките во прехранбената индустрија;

— преработките на лековити билки и шумски плодови;

— сточарството, освен свињарството и живинарството;

— рибарството и пчеларството;

— металопреработувачката дејност, освен производството на метални, градежни и други конструкции;

— машиноградбата;

— производството на сообраќајни средства;

— електронската индустрија;

— производството на електрични машини и апарати;

— преработката на хемиски производи и

— преработката на неметални минерали.

2. Нови проекти од малото стопанство;

3. Изградба на мали акумулации, детална каналска мрежа и опремување на објектите за наводнување;

4. Нови проекти од наменското производство;

5. Проекти за супституција на електричната енергија и течни горива со цврсти горива и геотермална енергија и за проекти за штедење на електричната енергија согласно со Програмата за долгорочни мерки и активности за штедење, супституција и рационално користење на сите видови енергија; и

6. Вложување во реконструкции и модернизации на постојните производни капацитети и долгогодишни насади, освен вложувањата во инфраструктурата.

Здружување на средства од Фондот на Федерацијата не може да се врши во проекти од точките 1 и 2 на овој член со кои не се зголемува вкупната вработеност во организацијата.

Како проекти од малото стопанство во општествена сопственост од точката 2 на овој член се сметаат инвестиционите програми од дејностите утврдени со Општествениот договор за основите на заедничкото дејствување, поттикнување на развојот и унапредувањето на малото стопанство во СР Македонија".

Член 3

Член 7 се менува и гласи:

„Проверка на оцената за општествената и економската оправданост на инвестиционата програма што се остварува со здружување на дел од средствата на Фондот на Федерацијата врши банка.

При оцена и проверка на оцената на оправданоста за реализација на проектите се применуваат критериумите од Заедничката методологија за оценување на општествената и економската оправданост на инвестициите и ефикасноста на инвестирањето во Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Во случај кога повеќе проекти ги исполнуваат критериумите од Заедничката методологија од став 2 на овој член, а постои ограниченост на средствата наменети за здружување, насочувањето на здружувањето го врши Стопанската комора на Македонија, според приоритетниот редослед на проектите од член 6 на овој закон".

Член 4

Во член 8 став 2 се менува и гласи:

„Стопанската комора на Македонија може да одреди одделни организации на здружениот труд од Републиката да бидат носители на здружувањето на дел од средствата на Фондот на Федерацијата за остварување на заеднички програми за развој во Републиката, согласно со член 2 на овој закон, односно во другите стопански недоволно развиени републики и САП Косово".

По став 2 се додаваат два нови става 3 и 4, кои гласат:

„Носителите на здружувањето од став 2 на овој член кои ќе склучат самоуправна спогодба за здружување на труд и средства по основ на средствата на Фондот на Федерацијата за реализација на програми за развој во Републиката, односно во другите стопански недоволно развиени републики и САП Косово, може да користат средства со Фондот на Федерацијата што други организации на здружениот труд од територијата на Републиката ги издвојуваат во согласност со Законот за обезбедување на средства на Фондот на Федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини во периодот од 1986 до 1990 година, а кои немаат интерес за здружување на средства за реализација на програми за развој со организации на здружениот труд од Републиката, односно од другите стопански недоволно развиените републики и САП Косово.

Условите под кои ќе се користат средствата од став 3 на овој член не може да бидат понеповолни од условите кои се пропишани со Законот за средствата на Фондот на Федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини во периодот од 1986 до 1990 година".

Досегашниот став 3 станува став 5.

Член 5

Член 9 се менува и гласи:

„Здружените средства на Фондот на Федерацијата во заедничките програми за развој од член 6 на овој закон наменети за основни средства може да изнесуваат:

1) до 55% од пресметковната вредност за нови проекти од металопреработувачката дејност; машиноградбата; производството на сообраќајни средства; електронската индустрија, производството на електрични машини и апарати; преработката на хемиски производи; преработката на неметални минерали; преработката во прехранбената индустрија; преработ-

ки мерки; фамилијарност и групирање; лидерство односно непочитување на начелата за колективна работа, одлучување и одговорност; непочитување на принципите и критериумите на кадровската политика и други.

4. Собранието констатира дека незадоволувачките состојби во остварувањето на одговорноста ги девалвираат и загрозуваат уставноста и законитоста како основни принципи на политичкиот систем на социјалистичкото самоуправување и на организацијата и функционирањето на нашето општество како правна држава. Кршењето на уставноста и законитоста се изразува особено во појавите на нарушување на општествената сопственост, на слободите и правата на човекот и граѓанинот и на самоуправните права, како и во појавите на злоупотреби и пречекорување на овластувањата, односно неизвршување на должностите во областа на вработувањето, распределбата на станови во општествена сопственост, одобрувањето на кредити на работните луѓе и граѓаните, оданочувањето на приходите и во врска со тоа испитувањето на потеклото на имотот, уписот на студенти и образувањето на соодветни рецензиони комисии за избор во наставнички звања на одделни високообразовни организации и друго.

Собранието укажува дека овие и другите видови кршење на уставноста и законитоста претставуваат сериозна повреда на правниот поредок, владеачките самоуправни општествено-економски односи, уставната положба на работничката класа и нејзините класни интереси и интересите на социјалистичкото самоуправно демократско општество во целина и дека со нив се загрозуваат неговиот натамошен револуционерен развој и системот во целина.

II

1. Тргнувајќи од овие констатации и оцени и имајќи го предвид класниот карактер на одговорноста, Собранието укажува дека нејзиното доследно остварување и ангажираниот и одговорен однос на секој орган, организација, заедница, носител на функција, работен човек и граѓанин, сразмерно со нивните овластувања и должности, е суштествена претпоставка за целосно и ефикасно спроведување на реформите на стопанскиот и политичкиот систем и за излез од кризните состојби во општеството, врз основите утврдени со амандманите на Уставот на СФРЈ и на Уставот на СРМ, како и на уставните и политичките определби за обезбедување на уставноста и законитоста.

Во таа смисла, редовното и систематско следење на состојбите и проблемите, превентивното дејствување и навременото преземање на мерки за одговорност, во рамките на правата и должностите утврдени со уставот и законите, другите прописи и општи акти и со самоуправните општи акти, мора да претставува составен дел на секојдневното работење на државните и самоуправните органи како нивна основна и редовна обврска и како основен услов за доследно и ефикасно остварување на одделните видови одговорност и на системот на одговорноста во целина. Притоа, активностите и мерките на овие органи, во соработка со другите општествени субјекти, треба во сите средини да се насочат првенствено кон отстранување на причините од објективен и субјективен карактер за сегашните незадоволувачки состојби во остварувањето на одговорноста, со цел да се создадат претпоставки за позитивни трендови во нејзината примена, посебно преку истовремено постојано развивање и јакнење на општествената свест за правната и моралната одговорност на секој работен човек, граѓанин и носител на функција.

Остварувањето на моќне сложените и обемни задачи во врска со спроведувањето на реформите на стопанскиот и политичкиот систем и натамошниот развој и јакнењето на самоуправувањето и на социјалистичките самоуправни односи, како основи на политичката и социјалната кохезија на општеството, претпоставува коренити промени во однесувањето на секој поединец и на сите општествени субјекти кон работните обврски и должностите, општествената сопственост, самоуправувањето и другите заеднички цели и интереси на работничката класа и на сите работни луѓе и граѓани, на нивните самоуправни организации и заедници и на општествената заедница во целина, што треба да се обезбедува и преку постојани и систематски активности и мерки за доградба и унапредување на системот на одговорноста и за доследна и ефикасна примена на мерките на одговорност.

2. Од посебно значење за успешното функционирање на системот на одговорноста во социјалистичкото самоуправно општество е доследното и ефикасно остварување на личната политичка одговорност на носителите на самоуправни, јавни и други општествени функции. Членовите на колегијалните органи, покрај личната, сносат и колективна политичка одговорност за работата и одлучувањето на тие органи.

Степенот на личната и колективната одговорност на носителите на самоуправни, јавни и други општествени функции треба да се остварува во зависност од обемот на нивните обврски, должности и овластувања, односно од положбата и улогата во работата и одлучувањето на колегијалниот орган.

Заради јасно разграничување и доследно остварување на личната и колективната политичка одговорност, со законите, другите прописи и општите акти на државните органи односно со самоуправните општи акти треба да се прецизираат обврските, должностите и овластувањата на секој носител на самоуправна, јавна или друга општествена функција, на колегијалниот орган како целина и на неговите членови. Покрај тоа, мора решително да се спречуваат и оневозможуваат појавите на покривање на личната одговорност со колективната одговорност на органот, односно појавите на префрлање на колективната одговорност на еден или на неколку членови на колегијалниот орган, со цел да се избегне или да се намали степенот на личната, односно на колективната одговорност.

Носителите на самоуправни, јавни и други општествени функции сносат лична и колективна политичка одговорност за нецелосно, ненавремено или неефикасно извршување на обврските и должностите, како и за пречекорување или злоупотреба на правата и овластувањата, независно од другите видови и мерки на одговорност што за тоа може да се применат спрема нив.

Мерките на лична и колективна политичка одговорност спрема извршните совети на собранијата на општествено-политичките заедници, функционерите што раководат со органите на управата, другите државни органи и функционерите во нив ќе се применуваат особено за:

— недоследно и неефикасно остварување на политиката на собранијата и неизвршување на законите, другите прописи и општите акти;

— неповолните состојби во сите, односно во одделните области на општествениот живот во општината, градската заедница или Републиката поради ненавремено преземање, односно предлагање на соодветни мерки за ефикасно решавање на проблемите;

— ненавремено или необјективно запознавање на соодветното собрание за одделни актуелни состојби, проблеми и настани или за состојбите и проблемите во работата на одделни државни органи;

— поднесување на предлози на акти со нецелосна или неточна документација од чие усвојување и спроведување настанале штетни последици односно со чие спроведување се остварени значителни помали ефекти во однос на предвидените со предлогот на актот;

— непочитување на уставно, односно статутарно утврдените односи меѓу собранијата на општествено-политичките заедници, нивните извршни совети и органите на управата во постапката за формулирање на политиката, што особено се изразува во појавите на запознавање на собранијата преку средствата за јавно информирање за предлозите на политиката за моќне значајни прашања што овие органи намеруваат да им ја предложат.

равните организации и заедници и контролата над уставноста и законитоста на нивните самоуправни општи акти. За таа цел тие треба да ја сообразат својата внатрешна организација и организацијата на извршните совети на органите на управата.

Во постапката за усогласување на своите прописи и општи акти со Амандманите на Уставот на СРМ и со републичките закони, овие собранија се должни да ги преоценат одредбите за одговорноста и да утврдат решенија со кои јасно и прецизно ќе се уредат видовите, условите, начинот и постапката за остварување на одделните видови одговорност, посебно на политичката, општествената и економската одговорност на носителите на функции.

6. Органите на управувањето на организациите на здружениот труд и на другите самоуправни организации и заедници се должни непосредно, како и преку активно ангажирање на работниците и ефикасно функционирање на органите на самоуправната работничка контрола и на внатрешната контрола, да обезбедат редовна и организирана контрола над работата на извршните и работоводните органи, работниците со посебни овластувања и одговорности и стручните служби, како и врз целокупното работење и остварувањето на плановите и програмите за развој и работа на организацијата, односно заедницата и навремено да преземаат мерки за решавање на проблемите, за спречување и оневозможување на нарушувањата на самоуправувањето и на општествената сопственост и за примена на мерките за одговорност.

Овие органи се должни со самоуправните општи акти прецизно да ги утврдат обврските, задачите и одговорноста на своите извршни и работоводни органи, на работниците со посебни овластувања и на стручните служби и јасно да ги разграничат нивната лична и колективна одговорност. Со самоуправните општи акти треба, исто така, прецизно да се утврдат условите, начинот, постапката и мерките за остварување на самоуправната одговорност на делегатите во органите на управувањето, членовите на комисиите и на другите работни тела и на работниците за вршењето на нивните самоуправни обврски.

7. Во натамошната доградба на системот на одговорноста мора да се обезбеди реалност на решенијата во правниот систем од аспект на нивната усогласеност со степенот на развојот на општествените односи и условите и можностите за нивна примена во практиката и целосно и прецизно да се утврди кој за што е одговорен, како и да се усогласи степенот на одговорноста со надлежностите и овластувањата. Притоа, со решенијата во правниот систем мора да се обезбеди натамошно јакнење на решавачката позиција на работниците во здружениот труд во одлучувањето за сите прашања на општествената репродукција, нивната самоуправна и економска самостојност и нивното влијание во одлучувањето на сите нивоа во општеството.

Во нормативното и самоуправното уредување на новите општествено-економски односи, утврдени со уставните амандмани мора да се прецизира и одговорноста за нивното остварување, особено за постојаното обновување, зголемување, унапредување и заштита на општествените средства како основа за остварувањето на сите други односи во општеството и на системот на одговорноста во целина.

8. Заради јасно разграничување и јакнење на одговорноста, должност е на сите органи, организации и заедници решително да ги оневозможуваат појавите на вонсистемскиот спој на државната, политичката и економската власт, донесувањето на одлуки надвор од надлежните органи од страна на неформални групи и поединци или нивното влијание врз одлучувањето.

9. Одговорноста на работоводните органи во здружениот труд мора да се оценува од аспект на успешноста во водењето на деловната политика и резултатите од вкупното работење на организацијата, односно заедницата, остварувањето на плановите и програмите за развој и работа, оптималното општествено и економски целесообразно користење на општествените средства, реалноста на предлозите на одлуките што ги донесуваат органите на управувањето и редовното и целосно информирање на овие органи и на работниците за состојбите и проблемите во работењето.

10. За да се оневозможи волунтаристичкото донесување на одлуки, посебно за изградбата на инвестициони објекти или за користење на општествените средства во поголем обем за други намени, како и на други одлуки од пошироко општествено значење, со актите на државните и самоуправните органи мора да се утврди обврска за задолжително консултирање, односно вклучување на соодветни научни и стручни институции и работници при донесувањето на такви одлуки.

11. Во функција на вкупните напори и мерки за јакнење на одговорноста, Службата на општественото книговодство, службите за општествени приходи, инспекциските и другите контролно-надзорни органи се должни на надлежните органи, организации и заедници да им даваат навремени и целосни податоци и известувања за неодговорното однесување во користењето на општествените средства и во остварувањето на овластувањата и обврските од одделни субјекти.

12. Собранието укажува дека средствата за јавно информирање треба уште повеќе да се ангажираат во следењето на остварувањето и унапредувањето на одговорноста, преку објективно, целосно и навремено известување на јавноста за неодговорното однесување, неизвршување на обврските и задачите и злоупотреба на овластувањата од одделни носители на функции и органи и со тоа да придонесуваат за јакнење на одговорноста и за развивање на социјалистичкиот морал и етика.

III

Собранието на СРМ укажува дека за доследното и ефикасно остварување на одговорноста, освен нормативните мора да се создаваат и да се развиваат и други општествени претпоставки и услови, а особено:

1. Системот на одговорноста во социјалистичкото самоуправно општество да се зацврстува врз основа на натамошна демократизација на односите во сите области на општествениот живот и развивање и јакнење на општествената свест за одговорноста и на социјалистичкиот морал и етика, со цел да се создава општествена клима, во која ќе биде овозможено секој работен човек и граѓанин слободно да ги изразува своите мисли и интереси, како основна претпоставка за остварување на социјалистичка демократија и слобода во услови на постоење на плурализам на интересите и на објективни противречности во општеството.

Организираните социјалистички сили, со своите активности и мерки за демократизација на вкупните односи во општеството, треба да ги оневозможуваат и јавно да ги осудуваат појавите за спречување на основната критика за работата на поединци и групи, но истовремено треба енергично да се спротиставуваат и на појавите на неосновано напаѓање на одделни носители на функции и нивно општествено и морално дисквалификување, односно да се залагаат за почитување на достоинството и интегритетот на поединците над кои се преземаат конкретни мерки на одговорност. Покрај тоа, треба да се реафирмира и самокритиката како мошне значаен сегмент на личниот однос спрема одговорноста.

2. Со оглед на карактерот и значењето на моралната одговорност во системот на одговорноста во социјалистичкото самоуправно општество, неопходно е сите општествени субјекти да се ангажираат за развивање и афирмирање на овој вид одговорност заради спречување на ерозијата на социјалистичкиот морал и етика. За таа цел треба да се создаваат и да се применуваат нови облици на однесување на работните луѓе и граѓаните и на носителите на функции сообразени со социјалистичкиот морал и етика, како и да се афирмираат хуманизмот, заемноста и солидарноста на работните луѓе и граѓаните.

Во напорите за развивање и јакнење на социјалистичката самоуправна свест, на социјалистичкиот морал и етика и на одговорноста на секој субјект, посебно задача имаат установите на образованието и воспитанието и општествено-политичките, општествените, професионалните и другите организации.

3. Од посебно значење за јакнењето на одговорноста е да се обезбеди доследно остварување на уставните и политичките определби за решавачката улога на работните луѓе и граѓаните во вршењето на власта и во управувањето со другите општествени работи и на нивното право, во рамките на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ, да ја следат работата на органите на власта и на управувањето и на носителите на самоуправни, јавни и други општествени функции, да ги изнесуваат своите мислења и оцени и да вршат општествена контрола и надзор над нивната работа.

4. Суштествена претпоставка е услов за јакнење на одговорноста и ефикасно функционирање на институционалниот механизам на одговорноста е и доследно и ефикасно функционирање на делегатскиот систем во неговата севкупност. За таа цел е неопходно, пред сè, да се обезбеди редовно функционирање на делегациите и на нивните конференции за да може делегатите во собранијата на општествено-политичките заедници и на самоуправните интересни заедници во нивната работа и одлучувањето да ги застапуваат автентичните интереси на делегатската база. За ова е нужно максимално и одговорно ангажирање на сите надлежни општествени субјекти, кои треба да се грижат и да преземаат мерки за создавање услови за работа и давање стручна помош на делегациите и на делегатите. Истовремено, треба да се преземаат мерки за остварување на одговорноста на членовите на делегациите и на делегатите кои не учествуваат активно во работата на делегациите и на собранијата, со нивно отповикување и избирање на нови членови на делегациите односно на нови делегати.

5. Доследно и ефикасно остварување на одговорноста треба посебно да се обезбедува со кадровската политика, преку нејзино целосно демократизирање и поопштествување, со отстранување на досегашните слабости и недоследности во оваа област. Притоа, мора да се создаваат услови и да се обезбедува доследно спроведување на уставните и политичките определби за решавачката улога на работните луѓе и граѓаните и на делегациите и делегатите во постапката за кандидирање и избор на носителите на функции. Истовремено треба енергично да се отстранува досегашната практика во одделни средини за прашањата на кадровската политика да се одлучува во тесни неформални кругови, и да се обезбеди одлуките за избор, односно именување на носителите на функции да ги донесуваат самостојно надлежните органи, организации и заедници.

Во функција на демократизацијата и поопштествувањето на кадровската политика треба да се утврдат прецизни и јасни општествени критериуми за постапката и начинот на предлагање и утврдување на кандидати за носители на функции, за оценување на резултатите од нивното работење и за одговорноста на надлежните органи и тела за водењето за кадровската политика. При утврдувањето на кандидатите и изборот на носителите на функции решавачко влијание мораат да имаат стручноста, искуството и потврдената способност со резултатите од работата како гаранција за успешно и одговорно вршење на функцијата. Собранието укажува дека овие критериуми и квалитети на носителите на функции мора доследно и целосно да се почитуваат, општествено да се вреднуваат и да се афирмираат во сите средини.

6. Собранието оценува дека доградбата на правниот систем значително ќе придонесе за подоследно и поефикасно остварување на одговорноста. Меѓутоа, Собранието укажува дека не треба да се создава уверување во семоќта на нормите и да се пренагласува формално-правната страна на одговорноста, бидејќи и натаму од пресудно значење за доследното и ефикасно остварување на одговорноста ќе биде субјективниот фактор и односот кон одговорноста на сите организирани социјалистички сили и на секој работен човек и граѓанин. Поради тоа, приоритетна задача на надлежните органи, организации и заедници е да се борат за доследно остварување на уставноста и законитоста, за навремено спречување и оневозможување на причините за неодговорно однесување и за ефикасна примена на мерките на одговорност во сите средини и на сите нивоа и спрема сите и секого подеднакво, што е безалтернативен услов и основ за излез од кризните состојби и за натамошниот позабрзан и стабилен материјален и севкупен општествен развој на нашето социјалистичко самоуправно општество.

7. Собранието очекува општествено-политичките, општествените и другите организации и здруженија на граѓаните да ја интензивираат својата активност во борбата за развој на социјалистичката самоуправна демократска свест и на социјалистичкиот морал и етика, како и во создавањето на општествени услови и претпоставки за унапредување и доследно остварување на одговорноста воопшто, а посебно на одговорноста на органите на власта, на самоуправните органи и на носителите на самоуправни, јавни и други општествени функции, преку постојано следење на нивната работа и вршење на општествена контрола и критика над нивната работа.

IV

1. Собранието укажува на обврската сите органи, организации и заедници во Републиката да ја разгледаат оваа резолуција, да ги согледаат состојбите и проблемите во врска со остварувањето на одговорноста во својата средина и, во рамките на своите надлежности и во согласност со оваа резолуција, да преземаат мерки за доследно и ефикасно остварување на Резолуцијата.

2. Собранијата на општините и Собранието на град Скопје се должни да ги согледаат овие прашања за подрачјето на општината, односно на градот, постојано и систематски да ги следат и навремено да преземаат, односно да предлагаат мерки и активности за доследно и ефикасно остварување на одговорноста на органите на општината, односно на Градот, на организациите на здружениот труд и на другите самоуправни организации и заедници, во согласност со оваа резолуција.

3. Собранието на СРМ ќе го следи спроведувањето на оваа резолуција и, во зависност од состојбите и проблемите во врска со остварувањето на одговорноста во Републиката, повремено ќе разгледува одделни прашања што се однесуваат на обврските и задачите на органите, организациите и заедниците утврдени со оваа резолуција и ќе презема, односно ќе укажува на мерките и активностите за нејзино доследно и целосно оживотворување.

V

Оваа резолуција ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3590
24 октомври 1989 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

Претседател
на Соборот на општините,
**Илија Глигороски,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Петар Карајанов,** с. р.

**697.**

Врз основа на Амандман XVI точка 1 алинеја 4 од Уставот на СРМ, а во врска со точка 6 од Општествениот договор за заедничките основи и мерила за утврдување на личните доходи и на другите примања и надоместоци на носителите на правосудните функции и на функционерите и раководните работници во републичките органи и органите на општествено-политичките организации во Републиката („Службен весник на СРМ“ број 16/86, 40/86 и 31/87), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 24 и 26 октомври 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ОДЛУКАТА ЗА ОСНОВИТЕ И МЕРИЛАТА ЗА СТЕКНУВАЊЕ И РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ЛИЧНИ ДОХОДИ И ДРУГИТЕ ПРИМАЊА И НАДОМЕСТОЦИ НА НОСИТЕЛИТЕ НА ПРАВОСУДНИТЕ ФУНКЦИИ ШТО ГО ИЗБИРА И ИМЕНУВА СОБРАНИЕТО НА СРМ И ФУНКЦИОНЕРИТЕ И РАКОВОДНИТЕ РАБОТНИЦИ ВО СТРУЧНИТЕ СЛУЖБИ НА СОБРАНИЕТО НА СРМ

Член 1

Во Одлуката за основите и мерилата за стекнување и распределба на средствата за лични доходи и другите примања и надоместоци на носителите на правосудните функции што ги избира и именува Собранието на СРМ и функционерите и раководните работници во Стручните служби на Собранието на СРМ („Службен весник на СРМ“ број 39/86 и 32/87), во член 21 зборовите: „претходниот периодичен пресметковен период“ се заменуваат со зборовите: „претходниот месец“, а зборот „тромесечно“ се заменува со зборот „месечно“.

Член 2

Во член 26 став 1 точка 1 зборовите: „во претходниот периодичен пресметковен период“ се заменуваат со зборовите „во претходните три месеци“.

Во точка 3 зборовите „во претходниот периодичен пресметковен период“ се заменуваат со зборовите: „во претходните три месеци“.

Во точка 5 по кратенката „СФРЈ“ зборовите: „во претходната година“ се заменуваат со зборовите: „во претходните три месеци“.

Во точка 8 зборовите: „претходното тримесечје“ се заменуваат со зборовите: „во претходните три месеци“.

Член 3

Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3655/1
26 октомври 1989 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова**, с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски**, с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Петар Карајанов**, с. р.

**698.**

Врз основа на Амандман XVI точка 1 алинеја 4 од Уставот на СРМ, а во врска со точка 6 од Општествениот договор за заедничките основи и мерила за утврдување на личните доходи и на другите примања и надоместоци на функционерите во републичките органи и органите на општествено-политичките организации во Републиката („Службен весник на СРМ“ број 20/85, 40/86), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 24 и 26 октомври 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ОДЛУКАТА ЗА ОСНОВИТЕ И МЕРИЛАТА ЗА СТЕКНУВАЊЕ И РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ЛИЧНИ ДОХОДИ И ДРУГИТЕ ПРИМАЊА И НАДОМЕСТОЦИ НА ФУНКЦИОНЕРИТЕ ШТО ГИ ИЗБИРА, ОДНОСНО ИМЕНУВА СОБРАНИЕТО НА СР МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Одлуката за основите и мерилата за стекнување и распределба на средствата за лични доходи и другите примања и надоместоци на функционерите што ги избира, односно именува Собранието на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ“ број 24/85, 39/86, 32/87), во член 22 став 1 зборовите: „претходниот периодичен пресметковен период“ се заменуваат со зборовите: „претходниот месец“, а зборот „тромесечно“ се заменува со зборот „месечно“.

Член 2

Во член 26 став 1 точка 3 зборовите: „во претходниот периодичен пресметковен период“ се заменуваат со зборовите „во претходните три месеци“.

Во точка 5 зборовите: „во претходниот периодичен пресметковен период“ се заменуваат со зборовите „во претходните три месеци“.

Во точка 7 по кратенката: „СФРЈ“ зборовите: „во претходната година“ се заменуваат со зборовите: „во претходните три месеци“.

Во точка 10 зборовите: „претходната периодична пресметка односно завршна сметка“ се заменуваат со зборовите: „во претходните три месеци“.

Член 3

Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3656/1
26 октомври 1989 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова**, с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски**, с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Петар Карајанов**, с. р.

**699.**

Врз основа на член 28 став 2 од Законот за привремените мерки на Општествената заштита на самоуправните права и општествената сопственост („Службен весник на СРМ“ бр. 22/85), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 24 октомври 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ПРЕСТАНОК НА ПРИВРЕМЕНИТЕ МЕРКИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАШТИТА НА САМОУПРАВНИТЕ ПРАВА И ОПШТЕСТВЕНАТА СОПСТВЕНОСТ СПРЕМА РО СТУДЕНТСКИ ЦЕНТАР „СКОПЈЕ“ — СКОПЈЕ

I

Привремените мерки на општествената заштита на самоуправните права и општествената сопственост спрема РО Студентски центар „Скопје“ — Скопје, преземени со Одлука на Собранието на СРМ, број 21-1579/1 од 27 април 1989 година, престануваат на 24 октомври 1989 година.

II

Престанокот на привремените мерки да се запише во судскиот регистар.

III

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-3608/1
24 октомври 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**700.**

Врз основа на член 14 став 2 од Законот за Центарот за образование на кадри за безбедност и општествена самозаштита („Службен весник на СРМ" број 30/77, 29/83 и 36/88), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 26 октомври 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ЦЕНТАРОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА КАДРИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ОПШТЕСТВЕНА САМОЗАШТИТА „ЕЛИСИЕ ПОПОВСКИ МАРКО" — СКОПЈЕ

Се дава согласност на одредбите на Статутот што се од значење за остварување на посебниот општествен интерес во извршувањето на дејноста на Центарот, што го донесоа работниците на Центарот, на референдумот одржан на 1 ноември 1988 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-3609/1
26 октомври 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**701.**

Врз основа на член 200 став 1 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ" бр. 16/85, 29/86, 7/88 и 29/89), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 26 октомври 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА СОГЛАСНОСТ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА НАСОЧЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ, ШТО ЈА ДОНЕСЕ СОБРАНИЕТО НА САМОУПРАВНАТА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА НАСОЧЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ОПШТЕСТВЕНИ И УСЛУЖНИ ДЕЈНОСТИ

Собранието на Социјалистичка Република Македонија е согласно со Одлуката за изменување на Одлуката за висината на придонесот за насоченото образование, што ја донесе Собранието на Самоуправната интересна заедница за насоченото образование во општествени и услужни дејности, на седницата одржана на 16 октомври 1989 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-3610/1
24 октомври 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**702.**

Врз основа на член 200 став 1 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ" број 16/85, 29/86, 7/88 и 29/89), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 26 октомври 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА СОГЛАСНОСТ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА НАСОЧЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ШТО ЈА ДОНЕСЕ СОБРАНИЕТО НА САМОУПРАВНАТА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА НАСОЧЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ЕЛЕКТРОЕНЕРГИЈА, ЕЛЕКТРОИНДУСТРИЈА, МЕТАЛНА И ГРАФИЧКА ИНДУСТРИЈА И СООБРАЌАЈ И ВРСКИ

Собранието на Социјалистичка Република Македонија е согласно со Одлуката за изменување на Одлуката за висината на придонесот за насоченото образование што ја донесе Собранието на Самоуправната интересна заедница за насоченото образование во електроенергија, електроиндустрија, метална и графичка индустрија и сообраќај и врски, на седницата одржана на 16 октомври 1989 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-3611/1
26 октомври 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**703.**

Врз основа на член 200 став 1 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ" број 16/85, 29/86, 7/88 и 29/89), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 26 октомври 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА СОГЛАСНОСТ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА НАСОЧЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ, ШТО ЈА ДОНЕСЕ СОБРАНИЕТО НА САМОУПРАВНАТА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА НАСОЧЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО, ШУМАРСТВОТО, ДРВНАТА ИНДУСТРИЈА И ИНДУСТРИЈАТА ЗА ТУТУН И ПРЕХРАНБЕНАТА ИНДУСТРИЈА

Собранието на Социјалистичка Република Македонија е согласно со Одлуката за изменување на Одлуката за висината на придонесот за насоченото образование, што ја донесе Собранието на Самоуправната интересна заедница за насоченото образование во земјоделството, шумарството, дрвната индустрија и индустријата за тутун и прехранбената индустрија, на седницата одржана на 16 октомври 1989 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-3612/1
26 октомври 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**704.**

Врз основа на член 200 став 1 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ" број 16/85, 29/86, 7/88 и 29/89), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 26 октомври 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА СОГЛАСНОСТ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА НАСОЧЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ, ШТО ЈА ДОНЕСЕ СОБРАНИЕТО НА САМОУПРАВНАТА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА НАСОЧЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РУДАРСТВОТО, МЕТАЛУРГИЈАТА, ГРАДЕЖНИШТВОТО И ГРАДЕЖНАТА ИНДУСТРИЈА, ХЕМИСКАТА И ТЕКСТИЛНАТА ИНДУСТРИЈА И ИНДУСТРИЈАТА ЗА ЧЕВЛИ, КОЖА И ГУМА

Собранието на Социјалистичка Република Македонија е согласно со Одлуката за изменување на Одлуката за висината на придонесот за насоченото образование, што ја донесе Собранието на Самоуправната интересна заедница за насоченото образование во рударството, металургијата, градежништвото и градежната индустрија, хемиската и текстилната индустрија и индустријата за чевли, кожа и гума, на седницата одржана на 16 октомври 1989 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-3613/1
26 октомври 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

---

**705.**

Врз основа на член 27-а од Законот за самоуправните интересни заедници на културата („Службен весник на СРМ" број 5/74, 16/74, 9/78, 43/78, 41/81 и 25/84), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 26 октомври 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА СОГЛАСНОСТ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА И НАЧИНОТ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕТО НА СРЕДСТВАТА НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА НА КУЛТУРАТА ЗА 1989 ГОДИНА

Собранието на Социјалистичка Република Македонија е согласно со Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на висината и начинот на обезбедувањето на средствата на Републичката заедница на културата за 1989 година, што ја донесе Собранието на Републичката заедница на културата, на седницата одржана на 23 октомври 1989 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-3614/1
26 октомври 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

---

**706.**

Врз основа на член 3 став 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за избор на органите на управувањето и на другите органи во организациите на здружениот труд („Службен весник на СРМ" број 48/88), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 26 октомври 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ООЗТ „ЕЛЕКТРОПРЕНОС" — СКОПЈЕ

За членови на Конкурсната комисија за именување директор на ООЗТ „Електропренос" — Скопје се именуваат:

Светозар Василевски, секретар на Претседателството на Советот на ССМ, и

Фруска Каровска, советник за кадровски прашања во областа на општествените дејности во Секретаријатот за кадровски прашања на Извршниот совет на Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-3618/1
26 октомври 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

---

**707.**

Врз основа на член 3 став 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за избор на органите на управувањето и на другите органи на организациите на здружениот труд („Службен весник на СРМ" број 48/88), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 26 октомври 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН НА РО МУЗЕИ НА МАКЕДОНИЈА — АРХЕОЛОШКИ, ЕТНОЛОШКИ И ИСТОРИСКИ — СКОПЈЕ

За членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на РО Музеи на Македонија — Археолошки, Етнолошки и Историски — Скопје, се именуваат:

Мирјана Гошева, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ, и

Трајче Нацевски, секретар на Советот на Републиката.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-3619/1
26 октомври 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

---

**708.**

Врз основа на член 167 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ" број 10/83, 43/85 и 50/87), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 26 октомври 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА НА СОВЕТОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ ЗАВОД ЗА ТРАНСФУЗИОЛОГИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ДИРЕКТОР НА ЗАВОДОТ

Се дава согласност на Одлуката на Советот на Републичкиот завод за трансфузиологија со која за

директор на Заводот е именуван прим. д-р Божидар Трајковски, раководител на Одделението за серуми во Заводот.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-3620/1
26 октомври 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**709.**

Врз основа на член 255 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ" број 16/85, 29/86, 7/88, 18/89 и 29/89), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 26 октомври 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА НА СОВЕТОТ НА РО СТУДЕНТСКИ ЦЕНТАР „СКОПЈЕ" — СКОПЈЕ ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ЦЕНТАРОТ

Се дава согласност на Одлуката на Советот на РО Студентски центар „Скопје" — Скопје, со која за директор на Центарот е именуван Добривој Целески, професор во ГДУЦ „Здравко Цветковски" — Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-3621/1
26 октомври 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**710.**

Врз основа на член 164 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ" број 10/83, 43/85 и 50/87), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 26 октомври 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА ИНСТИТУТОТ ЗА БЕЛОДРОБНИ ЗАБОЛУВАЊА И ТУБЕРКУЛОЗА НА СРМ

1. Се разрешуваат од функцијата претставници на општествената заедница во Советот на Институтот за белодробни заболувања и туберкулоза на СРМ поради истек на времето за кое се именувани:

Пејко Блажевски,
д-р Петар Гајдов, и
д-р Душан Јовановиќ.

2. За претставници на општествената заедница во Советот на Институтот за белодробни заболувања и туберкулоза на СРМ, се именуваат:

Борис Маневски, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ вработен во ФК за кожи и туткал „Гоце Делчев" — Скопје,

Афрдита Мимидиновска, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ, и

Велимир Ивановски, стручно-политички работник во Советот на ССМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-3617/1
26 октомври 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**711.**

Врз основа на член 248 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ" број 16/85, 26/86, 7/88, 18/89 и 29/89), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата, одржана на 26 октомври 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА ПЕДАГОШКАТА АКАДЕМИЈА „КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" — СКОПЈЕ

1. Се разрешуваат од функцијата претставници на општествената заедница во Советот на Педагошката академија „Климент Охридски" — Скопје, поради истек на времето за кое се именувани:

Михајло Георгиевски,
Афрдита Мимидиновска, и
Светлана Топузовска.

2. За претставници на општествената заедница во Советот на Педагошката академија „Климент Охридски" — Скопје, се именуваат:

Таше Поп Ташев, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на СР Македонија,

Софија Стефановска, делегат во Соборот на општините на Собранието на СРМ, и

Зоран Илиевски, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-3616/1
26 октомври 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**712.**

Врз основа на член 248 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ" број 16/85, 26/86, 7/88, 18/89 и 29/89), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата, одржана на 26 октомври 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА ВО СКОПЈЕ

1. Се разрешуваат од функцијата претставници на општествената заедница во Советот на Факултетот за физичка култура во Скопје, поради истек на времето за кое се именувани:

д-р Душан Никиќ,
Светлана Топузовска, и
Александар Џамбазов.

2. За претставници на општествената заедница во Советот на Факултетот за физичка култура во Скопје, се именуваат:

Александар Џамбазов, член на Претседателството на Советот на ССМ,

Томислав Димишковски, член на Секретаријатот на Секцијата за физичка култура при РК на ССРНМ, и

Ертован Ертовски, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-3615/1
26 октомври 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**713.**

Врз основа на член 34-а, став 2 од Законот за административните такси („Службен весник на СРМ“ бр. 45/72, 30/77, 25/84, 31/84, 44/85 и 7/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСИНАТА НА ТАКСИ ЗА ДОЗВОЛИ И ЗА ВИЗИ ШТО СЕ ИЗДАВААТ НА ГРАНИЧНИТЕ ПРЕМИНИ

Во Одлуката за висината на таксите за дозволи и за визи што се издаваат на граничните премини („Службен весник на СРМ“ бр. 28/89) во точка 1, потточка 2, под а) износот „300.000“ се заменува со износот „600.000“.

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 23-2309/1
3 ноември 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

---

**714.**

Врз основа на член 83, став 1 од Законот за Извршниот совет на Собранието на СРМ („Службен весник на СРМ“, бр. 43/87, 20/88), а во врска со точка 1.3. од Програмата на мерки и активности за заштита на животниот стандард на работните луѓе и граѓаните во СРМ во 1989 година („Службен весник на СРМ“, бр. 4/89), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА
### ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА ОД ПОСЕБНАТА РЕПУБЛИЧКА СМЕТКА НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПО ОСНОВ НА СОЛИДАРНОСТ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНИОТ СТАНДАРД

1. Од Посебната републичка сметка на Социјалистичка Република Македонија по основ на солидарност за заштита на животниот стандард се издвојува износ од 247.000.000 динари за заштита на корисниците на основните права на социјалната заштита.

2. Средствата од точка 1 на оваа одлука се пренесуваат на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита, без обврска за враќање.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 23-2132/1
27 октомври 1989 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
д-р **Тито Беличанец,** с. р.

---

**715.**

Врз основа на член 83, став 1 од Законот за Извршниот совет на Собранието на СРМ („Службен весник на СРМ“, бр. 43/87 и 20/88), а во врска со точка 1.3. од Програмата на мерки и активности за заштита на животниот стандард на работните луѓе и граѓаните во СРМ во 1989 година („Службен весник на СРМ“, бр. 4/89), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА
### ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ДЕЛ ОД СРЕДСТВАТА НА РЕПУБЛИЧКИОТ БУЏЕТ ЗА 1989 ГОДИНА

1. Делот од средствата на Републичкиот буџет за 1989 година, распореден во Раздел 65, позиција 587 — Регрес на основни земјоделски производи, во износ од 1.533.738.960 динари се користи за остварување на социјално-заштитните права.

2. Средствата од точка 1 на оваа одлука се пренесуваат на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита, без обврска за враќање.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 23-2132/2
27 октомври 1989 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
д-р **Тито Беличанец,** с. р.

---

**716.**

Врз основа на член 10 од Уредбата на највисоките износи на патните, дневните и другите трошоци на работниците во републичките органи на Управата („Службен весник на СРМ“ број 36/81, 27/85, 34/86, 41/88), а во врска со член 27 став 11 точка 1 од Одлуката за основите и мерилата за стекнување и распределба на средствата за лични доходи и други примања и надоместоци на функционерите и раководните работници што ги именува односно назначува Извршниот совет на Собранието на СРМ („Службен весник на СРМ“ бр. 28/78), Комисијата за кадровски и административни прашања на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ВИСИНАТА НА ДНЕВНИЦИТЕ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО ЗЕМЈАТА, НА РАБОТНИЦИТЕ ВО РЕПУБЛИЧКИТЕ ОРГАНИ НА УПРАВАТА И ВО РЕПУБЛИЧКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ, И НА ФУНКЦИОНЕРИТЕ И РАКОВОДНИТЕ РАБОТНИЦИ ШТО ГИ ИМЕНУВА ОДНОСНО НАЗНАЧУВА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СР МАКЕДОНИЈА

1. Висината на дневниците за службени патувања, на работниците во републичките органи на управата и во републичките организации, и на функционерите и раководните работници што ги именува односно назначува Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, изнесува и тоа:

— 270.000 динари за службено патување надвор од Републиката·

— 220.000 динари за службено патување во Републиката.

2. Ако за време на службеното патување се користи ноќевање, на работниците им се признаваат трошоците за ноќевање во полн износ, врз основа на приложена сметка, со исклучок на хотел „де лукс“ категорија.

3. Со влегување во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката број 17-2009/1 од 22. 09. 1989 година.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-2289
26 октомври 1989 година
Скопје

Претседател
на Комисијата за кадровски
и административни прашања,
д-р **Тито Беличанец,** с. р.

**717.**

Врз основа на член 21 став 1 од Уредбата за највисоките износи на патните, дневните и другите трошоци на работниците во републичките органи на Управата („Службен весник на СРМ“ број 36/81, 27/85, 43/86 и 1/88), а во врска со член 27 став 1 точка 3 од Одлуката за основите и мерилата за стекнување и распределба на средствата за лични доходи и други примања и надоместоци на функционерите и раководните работници што ги именува односно назначува Извршниот совет на Собранието на СР Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 28/87), Комисијата за кадровски и административни прашања на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТВОТО

1. Надоместокот на трошоците за одвоен живот од семејството на работниците во републичките органи на управата и во републичките организации, на функционерите и раководните работници што ги именува односно назначува Извршниот совет на Собранието се утврдува во износ од 1.600.000 динари месечно.

2. Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката број 17-1833 од 15. 09. 1989 година.

3. Одлуката ќе се објави во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 ноември 1989 година.

Бр. 17-2290
26 октомври 1989 година
Скопје

Претседател
на Комисијата за кадровски
и административни прашања,
д-р **Тито Беличанец,** с. р.

**718.**

Врз основа на член 23 од Законот за данокот од доход на организациите на здружениот труд („Службен весник на СРМ“, бр. 42/80, 38/81, 38/83, 22/85, 42/85, 46/86, 7/88, 14/88, 42/88, 51/88, 18/89, 26/89 и 36/89), републичкиот секретар за финансии донесува

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И УПЛАТУВАЊЕ НА ДАНОКОТ ОД ДОХОД НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД

Член 1

Во Правилникот за начинот на пресметување и уплатување на данокот од доход на организациите на здружениот труд („Службен весник на СРМ“, бр. 10/86, 10/88, 18/89 и 26/89), во образецот „ПДЗ“ — Пресметка на издвојувањата од доходот чија обврска е утврдена со закон или врз основа на закон за периодот од 1 јануари до ———— 19—— година, во делот II. Издвојување на средства чија основица за пресметување е остварениот доход, во реден број 3.1. во колоната „Елементи“ алинеите од 1 до 5, се заменуваат со 2 нови алинеи кои гласат:

„— Вкалкулирани долгорочни резервирања на материјалните трошоци; и

— Вкалкулирани долгорочни резервирања на нематеријалните трошоци“.

Под реден број 3.1. се внесува износот на остварениот доход зголемен за искажаните износи во образецот Биланс на успехот — „БУ“, во делот деловни расходи и тоа за: вкалкулирани долгорочни резервирања на материјалните трошоци и вкалкулирани долгорочни резервирања на нематеријалните трошоци.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 08-344/1
19 октомври 1989 година
Скопје

Републички секретар
за финансии,
м-р **Методија Тошевски,** с. р.

**719.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 433 од Уставот на СР Македонија и член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, врз основа на јавната расправа одржана на 28 септември 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА Одлуката за измени и дополнување на Одлуката за донесување план за реализација за урбанистичката единица Кисела Вода (урбанистичка единица бр. 24, 27 дел од 25 и дел од 26), донесена од Собранието на град Скопје, на седницата одржана на 2 јули 1986 година, во делот во кој урбанистички се уредува аголот на ул. „Томе Арсовски“ и новопредвидената ул. „Кожув“.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во „Службен гласник на град Скопје“.

3. Уставниот суд на Македонија, со решение У. бр. 63/89 од 31 мај 1989 година, поведе постапка за оценување законитоста на одлуката означена во точката 1 од оваа одлука, затоа што се постави прашањето за нејзината спротивност со член 31 став 4 од Законот за системот на просторното и урбанистичкото планирање.

4. На јавната расправа Судот утврди дека планот за реализација во фазата на нацрт-план бил ставен на јавен увид и по него била одржана јавна расправа, помеѓу другите, и во Месната заедница „Бирарија“. Притоа, Судот утврди дека во нацртпланот на КП. бр. 11315/6, која се наоѓа на аголот меѓу ул. „Томе Арсовски“ и новопредвидената ул. „Кожув“ во Скопје, бил предвиден слободен простор. Понатаму, Судот од записникот од одржаната јавна расправа на 16 октомври 1985 година во Месната заедница „Бирарија“ утврди дека немало забелешки и предлози во однос на предложеното решение во нацрт-планот за означената катастарска парцела. Судот, исто така, утврди дека по барање на поранешниот сопственик на оваа парцела што е поднесено по истекот на повеќе од 5 месеци по одржувањето на јавната расправа во планот е предвидена изградба на индивидуална станбена зграда.

5. Според член 4 од Законот за системот на просторното и урбанистичко планирање („Службен весник на СРМ“ бр. 38/85) право и должност на работните луѓе и граѓаните во организациите на здружениот труд, месните заедници и во другите самоуправни организации и заедници е да го планираат и уредуваат просторот за живот и работа и да учествуваат во донесувањето на просторните и урбанистичките планови.

Во член 31 став 4 од овој Закон е утврдено дека урбанистичкиот план задолжително се става во фазата на нацрт-план на јавен увид и јавна расправа, според постапката што ја утврдува собранието на општината. Со член 33 од Законот се предвидува дека собранието на општината ги разгледува мислењата и забелешките од јавниот увид и јавната расправа по нацрт на планот и за неприфатените забелешки дава образложение, што е составен дел на планот. Исто така, според член 37 од овој закон урбанистичките планови може да се изменуваат и дополнуваат на начин и во постапка пропишана со овој закон за нивното донесување.

Поаѓајќи од означените одредби Судот смета дека секоја измена и дополнување на решенијата дадени во нацрт-урбанистичкиот план што бил на јав-

те на организациите на здружениот труд се зголемуваат за 240% во однос на нивото од декември 1988 година.

Во оспорениот член 2 од оваа спогодба е утврдено дека таа е склучена на 20 јули 1989 година, дека влегува во сила осмиот ден од објавувањето и дека ќе се применува од наредниот ден, освен одредбата на член 1 точка 1 на оваа спогодба, која ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Според член 551 став 3 од Законот за здружениот труд во самоуправниот општ акт може да се утврди, во согласност со законот, дали тој акт или одделни негови одредби можат да имаат повратно дејство само ако тоа го дозволува природата на односите што се уредуваат со тој самоуправен општ акт.

Согласно член 106 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ“ бр. 9/86) средствата за задоволување на заедничките потреби и интереси од областа на социјалната заштита се обезбедуваат од соодветни придонеси кои се пресметуваат и се плаќаат како аконтација се до конечната пресметка на крајот од годината.

Од наведените законски одредби според мислењето на Судот произлегува дека средствата за задоволување на заедничките потреби и интереси од областа на социјалната заштита се обезбедуваат во текот на годината, па и можноста за плаќање на цените на услугите што ги вршат организациите на здружениот труд од областа на социјалната заштита се во зависност од остварените средства на самоуправните интересни заедници.

Поради тоа Судот смета дека природата на овие односи е од таков карактер што одредбата од самоуправниот општ акт со кој се утврдуваат цените на услугите можат да имаат повратно дејство.

Со оглед на изнесеното Судот утврди дека оспорената одредба од Спогодбата не е во спротивност со означените законски одредби и одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 169/89
12 октомври 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев**, с. р.

---

ИСПРАВКА

По извршеното срамнување со изворниот текст утврдено е дека во текстот на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за определување висината на таксата за уверението за здравствена состојба на животните и за висината на надоместоците за ветеринарно-санитарните инспекциски прегледи („Службен весник на СРМ“ бр. 21/89) се поткраднала грешка, поради што се дава

ИСПРАВКА
НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ВИСИНАТА НА ТАКСАТА ЗА УВЕРЕНИЕТО ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА СОСТОЈБА НА ЖИВОТНИТЕ И ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ ЗА ВЕТЕРИНАРНО-САНИТАРНИТЕ ИНСПЕКЦИСКИ ПРЕГЛЕДИ

1. Во точка 1 став 8 износот „50“ се заменува со износот „5“.

2. Во точка 1 став 11 под 10-а износот „10.000“ се заменува со износот „1.000“.

Бр. 11-1241/3
27 октомври 1989 година
Скопје

---

## ОПШТЕСТВЕНИ ДОГОВОРИ И САМОУПРАВНИ СПОГОДБИ

**319.**

Врз основа на член 136 од Уставот на СРМ и член 44 став 3 од Самоуправната спогодба за заедничките основи за остварување на социјално-заштитните права („Службен весник на СРМ“ бр. 30/89), Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита, Републичкиот завод за унапредување на социјалните дејности, Републичката самоуправна интересна заедница за вработување, Републичката самоуправна интересна заедница за насочено образование, Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата, Републичката самоуправна интересна заедница за здравствена заштита, Здружената самоуправна интересна заедница за вработување на град Скопје, Здружената самоуправна интересна заедница на становањето на град Скопје, Здружената самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно образование и воспитание и општествена заштита на децата на град Скопје, Здружената самоуправна интересна заедница за здравствена заштита на град Скопје, Здружената, самоуправна интересна заедница за социјална заштита на град Скопје, општинските самоуправни интересни заедници за домување, општинските самоуправни интересни заедници за вработување, општинските самоуправни интересни заедници за предучилишно и основно образование и воспитание и општествена заштита на деца, општинските самоуправни интересни заедници за здравствена заштита и општинските самоуправни интересни заедници за социјална заштита (во натамошниот текст: учесници) **склучуваат**

### АНЕКС-САМОУПРАВНА СПОГОДБА
### КОН САМОУПРАВНАТА СПОГОДБА ЗА ЗАЕДНИЧКИТЕ ОСНОВИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНО-ЗАШТИТНИТЕ ПРАВА

Член 1

Со оваа Анекс-Самоуправна спогодба учесниците се спогодија и ги вршат следните измени и дополненија на Самоуправната спогодба за заедничките основи за остварување на социјално-заштитните права:

1. По член 46 од Спогодбата се додаваат два нови членови, член 47 и 48 кои гласат:

„Член 47

Учесниците се спогодија непосредно да ги применуваат одредбите на Самоуправната спогодба за остварување на социјално-заштитните права, сметано од 1. VII. 1989 година.

Член 48

Со денот на влегувањето во сила на оваа Анекс-Самоуправна спогодба престануваат да важат одредбите на ставот 1 од членот 39 на Самоуправната спогодба за заедничките основи за остварување на социјално-заштитните права, како и одредбите на самоуправните општи акти и други општи акти на учесниците кои се во спротивност со одредбите на Самоуправната спогодба за заедничките основи за остварување на социјално-заштитните права“.

Член 2

Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита ќе ја објави оваа спогодба во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“, откако ќе ја потпишат мнозинството на учесниците.

Спогодбата влегува во сила од денот на потпишувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 08-321/1
31 јули 1989 година
Скопје

# ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

РЕПУБЛИЧКА ЗАЕДНИЦА НА КУЛТУРАТА

**320.**

Врз основа на член 27-а од Законот за СИЗ на културата („Службен весник на СРМ“ бр. 5/74, 16/74, 9/78, 43/78, 41/81 и 25/84), Собранието на Републичката заедница на културата, на седницата одржана на 23 октомври 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА И НАЧИНОТ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕТО НА СРЕДСТВАТА НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА НА КУЛТУРАТА ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Во Одлуката за утврдување на висината и начинот на обезбедувањето на средствата на Републичката заедница на културата за 1989 година („Службен весник на СРМ“ бр. 29/89) во член 4 ставот 1 се менува и гласи:

„Основица за пресметување на придонесот од член 2 на оваа Одлука претставува остварениот доход, зголемен за искажаните износи во образецот „Биланс на успехот“ во делот деловни расходи и тоа: вкалкулирани долгорочни резервирања на материјалните трошоци и вкалкулирани долгорочни резервирања на нематеријалните трошоци“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 0803-1170/1
31 октомври 1989 година
Скопје

Претседател,
акд. **Крум Томовски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — КОЧАНИ

**321.**

Врз основа на член 103 став 1 и 2 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ“ бр. 10/83, 43/85, 50/87, 27/88 и 36/89), член 170 став 1 точка 6 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Кочани, Собранието на ОСИЗ за здравствена заштита — Кочани, на седницата на соборите на делегати — корисници на услуги работници и на делегатите даватели на услуги, одржана на 26 октомври 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА РАБОТНИЦИТЕ ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Стапката на придонесот за здравствена заштита на работниците за 1989 година се утврдува во висина од 9,0% од бруто личниот доход на работниците во кои се содржани:

— стапката на придонесот за задолжителни види на здравствена заштита од 5%;

— стапката на придонесот за права од здравствена заштита што самостојно ги утврдува Заедницата од 4%.

Член 2

Работните луѓе кои вршат занаетчиска, угостителска и друга дејност со средства за работа на кои имаат право на сопственост, и работните луѓе кои со личен труд самостојно во вид на занимање вршат професионална дејност должни се да плаќаат придонес за здравствена заштита и тоа:

— лицата кои плаќаат придонес во паушален износ, основица за пресметување и плаќање на придонесот ќе претставува планираниот просечен личен доход за 1989 година од 23.000.000 динари, кој не може да биде помал од просечниот гарантиран личен доход за 1989 година со примена на нето стапка од 15,5%,

— лицата кои плаќаат придонес по остварен доход, основица за пресметување и плаќање на придонесот ќе претставува даночната основица, остварен доход, кој не може да биде помал од просечниот гарантиран нето личен доход за 1989 година со примена на стапка од 15,5%.

Член 3

Стапката на придонесот за здравствена заштита во случај на несреќа на работа и професионално заболување се определува и тоа:

— по стапка од 0,30% од доходот на организациите на здружен труд, самоуправните организации и заедници од стопанството распоредени во области од 1—11 од Одлуката за единствена класификација на дејностите („Службен лист на СФРЈ“ бр. 34/76 и 62/77).

Основицата за пресметување и плаќање на придонесот за здравствена заштита од доходот претставува остварениот доход на организацијата зголемен за искажаните износи во образецот Биланс на успех во делот на деловниот расход и тоа: Премии за осигурување, трошоци на камата и ревалоризација на динарски обврски, негативни курсни разлики, вкалкулирани резервирања на нематеријални трошоци, вкалкулирани резервирања на нематеријални трошоци и вкалкулирани резервирања на трошоци за финансирање на дејноста.

Основица за пресметување на месечната аконтација на придонесот од доходот на организациите претставува остварениот доход валоризиран со процентот на кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката или со процентот на пораст на просечниот чист личен доход по вработен во организацијата согласно член 17 став 2 од Законот за даночот на доход на организациите на здружен труд.

— по стапка од 0,50% од личниот доход за обврзниците на придонесот распореден во областите 12, 13 и 14 од Одлуката за единствената класификација за дејности.

Основицата за пресметување и плаќање на придонесот од претходната алинеја претставува бруто личниот доход.

— по 2% од нето исплатениот надомест обврзниците на придонесот за вработените кои работат по договор за дело, основ за пресметување и плаќање на придонесот од претходната алинеја претставува нето исплатениот надоместок.

Член 4

Посебен придонес за користење на здравствена заштита за работниците испратени на работа во странство од организацијата на здружен труд (деташирани работници) се определува по стапка од 20% од утврдената основица што ја претставува:

— просечниот нето личен доход на работниците во матичната организација исплатени во годината што и претходи на годината во која работникот е испратен на работа во странство.

— за работниците кои не оствариле личен доход во претходната година, како основица се зема исплатениот просечен нето личен доход во категоризација што ја има деташираниот работник.

Основиците од претходниот став во текот на годината се применуваат како аконтација.

По завршната сметка утврдените основици се применуваат зголемени со просекот на зголемениот личен доход во матичната организација во годината кога деташирањето е извршено според претходната година.

Член 5

За обврзниците на придонесот за здравствена заштита — корисници на права од пензиското и инвалидското осигурување, за кои основицата определена во нето лични примања, придонесот за здравствена заштита ќе се пресметува и плаќа за чист личен доход врз основа на збирот на републичките и општинските стапки на придонесите од личниот доход.

Член 6

За лицата привремено невработени додека се пријавуваат во ОСИЗ за вработување придонес за здравствена заштита ќе плаќа ОСИЗ за вработување по стапка од 15,5% на вкупно остварените приходи од придонесот за вработување евидентиран во образецот Б 2.

Пресметувањето и плаќањето на придонесот од претходниот став ќе се врши при исплатата на паричниот надоместок на привремено невработените лица, со примена на стапка од став 1 на овој член.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 октомври 1989 година и ќе биде објавена во „Службен весник на СРМ".

Член 8

Со влегувањето во сила на оваа одлука престануваат да важат Одлуките бр. 0203-197 од 26 април 1989 год. Одлуката бр. 0203-197/1 од 15 мај 1989 год. и Одлуката бр. 0203-197/2 од 27 јули 1989 година.

Бр. 0203-351
26 октомври 1989 година
Кочани

Претседател,
**Благој Ситновски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА — РАДОВИШ

**322.**

Врз основа на член 13 став 1 и 2 од Законот за Самоуправните интересни заедници („Службен весник на СРМ" бр. 9/78) член 219 од Законот за предучилишно и основно воспитание и образование и член 55 од Законот за општествена заштита на децата („Службен весник на СРМ" бр. 6/81) и член 26 став 10 од Статутот на ОСИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата — Радовиш, Собранието на Заедницата, на седницата одржана на 4 октомври 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ОСИЗ ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА — РАДОВИШ ЗА 1989 ГОДИНА

### I. Дејност основно воспитание и образование

Член 1

За 1989 година се утврдуваат стапки на придонес за основно воспитание и образование и тоа:

1. придонес од личен доход од работен однос од нестопанството по стапка од 7%;
2. придонес од личен доход од работен однос во стопанството, по стапка од 7%;
3. придонес од земјоделска дејност, по стапка од 2%,
4. придонес од самостојно вршење на занаетчиска дејност по стапка од 7%.

Член 2

Организациите на здружен труд од основното образование (12011), средното насочено образование (12012) и социјалната заштита (13024) плаќаат 50%, односно 3,5% од утврдената стапка за основно образование и воспитание.

За организациите на здружен труд од општествена заштита на децата (130211) се утврдува стапка на придонес 70% од стапката во член 1 и ќе изнесува 4,9%.

### II. Дејност општествена заштита на децата

Член 3

Во 1989 година се утврдува стапка на придонес за општествена заштита на децата и тоа:

1. придонес од личен доход од работен однос во стопанството по стапка од 2,30%,
2. придонес од личен доход од работен однос во нестопанството, по стапка од 2,30%.

Член 4

Организациите на здружен труд од основното образование (12011), средното насочено образование (12012) и социјалната заштита (13024) ќе плаќаат 50% од утврдената стапка од член 3 и ќе изнесува 1,15%, придонес за општествена заштита на децата.

За организациите на здружен труд од општествена заштита на децата (130211) се утврдува стапка на придонес од 70% од стапката во член 3 и ќе изнесува 1,61%.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јули 1989 година и ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 02-100/2
4 октомври 1989 година
Радовиш

Претседател,
**Младен Митев,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — СВЕТИ НИКОЛЕ

**323.**

Врз основа на член 106 и 116 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ" бр. 9/78, 43/78 и 35/85) и член 32 точка 13 од Статутот на Општинската СИЗ за социјална заштита — Свети Николе, Собранието на Општинската СИЗ за социјална заштита, на седницата одржана на 18 октомври 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСИТЕ НА ОСИЗ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — СВЕТИ НИКОЛЕ

1. Со оваа одлука се врши следната измена на Одлуката за утврдување висината на придонесите на Општинската СИЗ за социјална заштита Свети Николе бр. 08-32 од 28 јуни 1989 година:

1. Членот 4 се менува и гласи:

„Основицата за пресметување на придонесот од доходот на организациите на здружен труд претставува остварениот доход зголемен за искажаните износи во образецот „Биланс на успехот" во делот деловни расходи и тоа:

— вкалкулирани долгорочни резервирања на материјалните трошоци; и

— вкалкулирани долгорочни резервирања на нематеријални трошоци.

2. Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година, и ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 43/1
19 октомври 1989 година
Свети Николе

Претседател,
**Фетка Ефремова,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА КУЛТУРА — ТЕТОВО

**324.**

Врз основа на член 27-а од Законот за СИЗ за култура („Службен весник на СРМ“ бр. 5/74, 16/74, 9/78, 43/78, 41/81 и 25/84), а во врска со измените („Службен весник на СРМ“ бр. 18/89 и 26/89), Извршниот одбор на Собрание на Општинската заедница за култура, на седницата одржана на 13 октомври 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА И НАЧИНОТ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВА НА ОПШТИНСКАТА ЗАЕДНИЦА ЗА КУЛТУРА ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Членот 4 од Одлуката бр. 0802-66/1 од 6 мај 1989 година се менува и гласи:

„Основица за пресметување на придонесот од доходот претставува остварениот доход искажан по полугодишната пресметка, односно годишната пресметка зголемен со износите искажани во расходи и тоа:

— премии за осигурување;

— трошоци на камати и ревалоризација на динарски обврски;

— негативни курсни разлики;

— вкалкулирани резервирања на нематеријални трошоци; и

— вкалкулирани резервирања на трошоците на финансирање на дејностите.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 0802-98/1
13 октомври 1989 година
Тетово

Претседател,
**Веби Бецети,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА — ТЕТОВО

**325.**

Врз основа на член 27-а од Законот за СИЗ за физичка култура („Службен весник на СРМ“ бр. 5/74, 16/74, 9/78, 43/78, 41/81 и 25/84), а во врска со измените („Службен весник на СРМ“ бр. 18/89 и 26/89), Извршниот одбор на Собранието на Општинската заедница за физичка култура, на седницата одржана на 12 октомври 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА И НАЧИНОТ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВА НА ОПШТИНСКАТА ЗАЕДНИЦА ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Членот 4 од Одлуката бр. 0802-86/1 од 6. V. 1989 година се менува и гласи:

„Основица за пресметување на придонесите од доходот претставува остварениот доход искажан по полугодишната пресметка, односно годишната пресметка зголемен со износите искажани во расходи и тоа:

— премии за осигурување;

— трошоци на камати и ревалоризација на динарски обврски;

— негативни курсни разлики;

— вкалкулирани резервирања на нематеријални трошоци; и

— вкалкулирани резервирања на трошоците на финансирање на дејностите.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 0802-116/1
13 октомври 1989 година
Тетово

Претседател,
**Адем Адеми,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА — ТЕТОВО

**326.**

Врз основа на член 26 од Статутот на ОСИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата — Тетово, Собранието на Заедницата на седницата одржана на 30 октомври 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКИТЕ ЗА ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕС ОД ЛИЧЕН ДОХОД НА ОЗТ ОД СТОПАНСКИ И НЕСТОПАНСКИ ДЕЈНОСТИ И ГРАЃАНИТЕ ЗА 1989 ГОДИНА

I

Член 1 од Одлуката бр. 0801-2683/1 од 19. XII. 1988 година под реден бр. 1 се менува и гласи:

„1. Придонес од личен доход од работен однос:

— за основно образование 6,50%;

— за општествена заштита на децата 1,50%“.

II

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 0801-1696/1
30 октомври 1989 година
Тетово

Претседател,
**Јованче Михајлоски,** с. р

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ II — СКОПЈЕ

Пред Општинскиот суд Скопје II — Скопје заведен е спор за утврдување на сопственост по основ на купопродажба на недвижен имот по тужбата на тужителите Ахмедовски Сабри и Ахмедовска Селвија, двајцата од Скопје, против тужениот Сејдинов Џемаил со непозната адреса на живеење.

Се повикува тужениот Сејдинов Џемаил, да се јави во рок од 30 дена по објавувањето на судскиот оглас во овој суд, да ја достави сегашната адреса на живеење. Во спротивно, ќе му биде поставен привремен старател кој ќе ги застапува неговите интереси пред судот.

Од Општинскиот суд Скопје II — Скопје, IV. П. бр. 331/89. (179)

ВОЕН СУД СКОПЈЕ

Воениот суд во Скопје води спор по правната работа на тужителката Држава СФРЈ — Воена установа „Истра“ од Пула против тужениот Селмани Ибраим од с. Чајле, општина Гостивар, поради надомест на штета.

На тужениот Селмани Ибраим за привремен застапник му е поставен Милан Трбогазов, потполковник на служба во ВП 3755 Скопје, врз основа на член

84 ст. 1 и 2 точка 4 од ЗПП, од причина што не е познато боравиштето на туженикот а нема полномошник. Редовната постапка околу поставувањето за законски застапник би траела долго, а би можеле да настапат тешки штетни последици за странките.

Поставениот привремен застапник ќе го застапува туженикот во постапката се додека тој или негов полномошник не се јават пред судот, односно додека старателскиот орган не го извести судот дека му поставил старател.

Од Воениот суд во Скопје, И. п. бр. 8/89. (172)

## ОПШТИНСКИ СУД ВО ГОСТИВАР

Пред овој суд заведен е спор за неосновано збогатување по тужбата на тужителот Стопанска банка — Основна банка — Тетово, филијала — Гостивар, поднесена против Арифи Зурије од Гостивар, која моментално е во Германија со непозната адреса и место на живеење.

Се повикува тужената Арифи Зурије, со поранешна адреса во Гостивар, ул. „Балиндолска“ бр. 20, а сега со непозната адреса во Германија, да се јави во рок од 30 дена од денот на објавувањето на огласот во судот или да ја достави сегашната адреса на живеење.

Доколку во овој рок не се јави, ќе ѝ биде одреден привремен старател во смисла на член 84 од ЗПП и истиот ќе ги застапува нејзините интереси во овој спор.

Од Општинскиот суд во Гостивар, П. бр. 263/89.

## ОПШТИНСКИ СУД ВО КУМАНОВО

Пред Општинскиот суд во Куманово се води спор за утврдување право на сопственост по тужбата на Рамадани Шефик од Куманово, ул. „Тоде Мендол“ бр. 41, застапуван од Момчило Доцевски, адвокат од Куманово, против туженот Мемеди Фејзула, со непозната адреса во странство и земјава. Вредност на спорот 1.000.000 динари.

Се повикува туженот во рок од еден месец од објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ“, да се јави во судот или да одреди свој застапник. Во спротивно, судот, по службена должност ќе го одреди за застапник Љубомир Ѓорѓевиќ, стручен соработник при Општинскиот суд во Куманово.

Од Општинскиот суд во Куманово, П. бр. 1252/89.

---

# ОБЈАВИ

Врз основа на член 35 од Општествениот договор за измени и дополнувања на Општествениот договор за заедничките основи и мерила за самоуправно уредување на односите во стекнувањето и распоредувањето на доходот и чистиот доход и распределбата на средствата за лични доходи („Службен весник на СРМ“ бр. 18/87), Координациониот одбор

ОБЈАВУВА

измена на Објавата („Службен весник на СРМ“ бр 38/89)

1. Во точката 2 од Објавата од Координациониот одбор („Службен весник на СРМ“ бр. 38/89), износот „8.300.000 динари“ (просечен месечен пресметан чист личен доход по работник без средствата за непосредна заедничка потрошувачка за октомври 1989 година), се заменува со износот „9.510.000 динари“

2. Во точката 3 од Објавата од Координациониот одбор („Службен весник на СРМ“ бр. 38/89), износот „2.952.000 динари“ (просечен месечен пресметан чист личен доход по работник без средствата за непосредна заедничка потрошувачка за периодот јануари-октомври 1989 година), се заменува со износот „3.073.000 динари“.

Бр. 0809-1618/2
1 ноември 1989 година
Скопје

Координационен одбор
Претседавач,
**Софија Тодорова,** с. р.

Врз основа на член 76 од Законот за работните односи („Службен весник на СРМ“ бр. 45/77, 3/83, 3/85, 42/85, 46/86, 43/87, 24/89, 28/89 и 36/89), Републичкиот комитет за труд, здравство и социјална политика

ОБЈАВУВА

1. Загарантираниот личен доход во Републиката за месец септември 1989 година изнесува 2.534.000 динари.

2. Загарантираниот личен доход во Републиката за месец октомври 1989 година изнесува 3.430.000 динари.

Бр. 12-6426
27 октомври 1989 година
Скопје

Претседател
на Републичкиот комитет за труд, здравство и социјална политика,
д-р **Јанко Обочки,** с. р.

---

## СОДРЖИНА

Страна

692. Закон за изменување и дополнување на Законот за заемот за вработување — — 693

693. Закон за изменување на Законот за обезбедување средства за намирување на обврските на Социјалистичка Република Македонија за отстранување на последиците од земјотресот во СР Црна Гора — — 693

694. Закон за изменување и дополнување на Законот за намените, начинот и условите за здружување на дел од средствата на Фондот на Федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини за остварување на заеднички програми за развој во Социјалистичка Република Македонија во периодот од 1986 до 1990 година — — — — — — — 694

695. Измени на Републичкиот буџет за 1989 година — — — — — — — — — 695

696. Резолуција за остварување на одговорноста 699

697. Одлука за измени и дополнувања на Одлуката за основите и мерилата за стекнување и распределба на средствата за лични доходи и другите примања и надоместоци на носителите на правосудните функции што ги избира и именува Собранието на СРМ и функционерите и раководните работници во стручните служби на Собранието на СРМ — — — — 704

698. Одлука за измени и дополнувања на Одлуката за основите и мерилата за стекнување и распределба на средствата за лични доходи и другите примања и надоместоци на функционерите што ги избира, односно именува Собранието на СР Македонија — — — — — — — — 704

699. Одлука за престанок на привремените мерки на општествената заштита на самоуправните права и општествената сопственост спрема РО Студентски центар „Скопје“ — Скопје — — — — — — — 704

700. Одлука за давање согласност на Статутот на Центарот за образование на кадри за безбедност и општествена самозаштита „Елисие Поповски Марко“ — Скопје — 705

701. Одлука за согласност на Собранието на Социјалистичка Република Македонија со Одлуката за изменување на Одлуката за висината на придонесот за насоченото об-

разование, што ја донесе Собранието на Самоуправната интересна заедница за насоченото образование во општествени и услужни дејности — — — — — — — 705
702. Одлука за согласност на Собранието на Социјалистичка Република Македонија со Одлуката за изменување на Одлуката за висината на придонесот за насоченото образование што ја донесе Собранието на Самоуправната интересна заедница за насоченото образование во електроенергија, илектроиндустрија, метална и графичка индустрија и сообраќај и врски — — — 705
703. Одлука за согласност на Собранието на Социјалистичка Република Македонија со Одлуката за изменување на Одлуката за висината на придонесот за насоченото образование, што ја донесе Собранието на Самоуправната интересна заедница за насоченото образование во земјоделството, шумарството, дрвната индустрија и индустријата за тутун и прехранбената индустрија — — — — — — — — — — 705
704. Одлука за согласност на Собранието на Социјалистичка Република Македонија со Одлуката за изменување на Одлуката за висината на придонесот за насоченото образование, што ја донесе Собранието на Самоуправната интересна заедница за насоченото образование во рударството, металургијата, градежништвото и градежната индустрија, хемиската и текстилната индустрија и индустријата за чевли, кожа и гума — — — — — — — — — 706
705. Одлука за согласност на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, со Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на висината и начинот на обезбедувањето на средствата на Републичката заедница на културата за 1989 година — — — — — — — — — 706
706. Одлука за именување членови на Конкурсната комисија за именување директор на ООЗТ „Електропренос“ — Скопје 706
707. Одлука за именување членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на РО Музеи на Македонија — Археолошки Етнолошки и Историски — Скопје — — — — 706
708. Одлука за давање согласност на Одлуката на Советот на Републичкиот завод за трансфузиологија за именување на директор на Заводот — — — — — — 706
709. Одлука за давање согласност на Одлуката на Советот на РО Студентски центар „Скопје“ — Скопје за именување директор на Центарот — — — — — — 707
710. Одлука за разрешување и именување претставници на општествената заедница во Советот на Институтот за белодробни заболувања и туберзулоза на СРМ — — 707
711. Одлука за разрешување и именување претставници на општествената заедница во Советот на Педагошката академија „Климент Охридски“ — Скопје — — — — 707
712. Одлука за разрешување и именување претставници на општествената заедница во Советот на Факултетот за физичка култура во Скопје — — — — — — — 707
713. Одлука за изменување на Одлуката за висината на такси за дозволи и за визи што се издаваат на граничните премини — — 708
714. Одлука за користење на средства од Посебната републичка сметка на Социјалистичка Република Македонија по основ на солидарност за заштита на животниот стандард — — — — — — — — 708
715. Одлука за користење на дел од средствата на Републичкиот буџет за 1989 година 708
716. Одлука за висината на дневниците за службени патувања во земјата на работниците во републичките органи на управата и во републичките организации, и на функционерите и раководните работници што ги именува односно назначува Извршниот совет на Собранието на СР Македонија — — — — — — — — — 708
717. Одлука за утврдување на висината на надоместокот за одвоен живот од семејството — — — — — — — — — — 709
718. Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на пресметување и уплатување на данокот од доход на организациите на здружен труд 709
719. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 63/89 од 28 септември 1989 година 709
720. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 52/89 од 13 септември 1989 година 710
721. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 169/89 од 12 октомври 1989 година 710
**Исправка** на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за определување висината на таксата за уверението за здравствената состојба на животните и за висината на надоместоците за ветеринарно-санитарните инспекциски прегледи — 711

**Општествени договори и самоуправни спогодби**

319. Анекс-Самоуправна спогодба кон Самоуправната спогодба за заедничките основи за остварување на социјално-заштитните права — — — — — — — — — 711

**Општи акти на самоуправните интересни заедници**

СКОПЈЕ
320. Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на висината и начинот на обезбедувањето на средствата на Републичката заедница на културата за 1989 година — — — — — — — — — 712
КОЧАНИ
321. Одлука за стапката на придонесот за здравствена заштита на работниците за 1989 година — — — — — — — — — 712
РАДОВИШ
322. Одлука за утврдување на стапките на придонесите за ОСИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата — Радовиш за 1989 година — — — — — — — — 713
СВЕТИ НИКОЛЕ
323. Одлука за изменување на Одлуката за утврдување висината на придонесите на ОСИЗ за социјална заштита — Свети Николе — — — — — — — — 713
ТЕТОВО
324. Одлука за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на висината и начинот на обезбедување на средства на Општинската заедница на културата за 1989 година — — — — — — — — 714
325. Одлука за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на висината и начинот на обезбедување на средства на Општинската заедница за физичка култура 714
326. Одлука за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на стапките за плаќање на придонес од личен доход на ОЗТ од стопански и нестопански дејности и граѓани за 1989 година — — — — — — 714

**Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на СРМ — Скопје. ул. „Васил Ѓоргов“ бб. Пошт. фах. 51. Телефон 228-204. Директор и одговорен уредник Ружа Зузаровска. Жиро сметка број 40100-603-12498 кај СОК — Скопје. Печат Графички завод „Гоце Делчев“ — Скопје**